Билтен 2, Лето 2016




Marijana Pipe Pipileva

# Заштита на Охридското Езеро

## “Кон зајакнато управување со прекуграничното природно и културно наследство на регионот на Охридското Езеро”

ВО ОВОЈ БРОЈ:


1 Предговор на Лидија Топузовска (страна 1)

2 #OURLAKEOHRID конкурс на социјалните медиуми (страна 2)

3 Одржани средби (страна 3)

4 Интервју со Жулиета Харасани- Министерство за култура на Република Албанија (страна 4)

5 Албанскиот Национален совет за реставрација ги одобри границите на потенцијалниот имот на Светско наследство (страна 4)

6 Прашалник за охридското езеро (страна 4)

7 Струга, градот на поезијата (страна 5)

8 Жените на Тушемиште (страна 5)

9 Ден на охридското езеро (страна 6)

10 Филмски фестивал за животна средина во Албанија (страна 6)

11 Што ќе следува – Календар на активности. Партнери (страна 7)


> *Ова уникатно место создадено од човекот и природата, заслужува да биде заштитено како целина и несомнено вистинскиот момент конечно пристигна*

## предговор

Драги читатели!



Охридскиот регион со своето единствено културно и природно богатство кое поседува исклучителна универзална вредност, овозможи негово впишување на Листата на Светско наследство (1979/80 година), за која Република Македонија прави заложби трајно да ја заштити и зачува. Во таа насока усвоени се неколку законски прописи на национално ниво, кои ги регулираат начините, условите и можностите за заштита на природното и културното наследство. Сепак, да се има статус на Светско наследство кое поседува исклучеталнa универзална вредност претставува огромна привилегија, но и обврска и одговорност на целата општествена заедница. Тоа не обврзува на доследно применување на светските стандарди во процесот на зачувување и заштита на неговите универзални вредности, признати и потврдени од целиот свет.
Со отпочнување на проектот „Кон зајакнато управување со заедничкото прекугранично културно и природно на Охридскиот регион“, Министерството за култура на Република Македонија и Управата за заштита на културното наследство, и Министерството за животна средина и просторно планирање преку свои претставници, активно се вклучи во сите проект активности пружајќи максимална поддршка за негово успешно реализирање и имплементирање во периодот што претстои. Да се зачува Охридското Езеро, кое претставува својевиден музеј на ендемични и реликтни видови на флора и фауна и еден од најпознатите екосистеми во светски рамки како целина, е цел која ја делиме заедно со нашиот сосед Република Албанија. Веруваме дека со заеднички заложби ќе постигнеме успешно реализирање на овој процес, што ќе резултира со ефективно и ефикасно интерирано управување со Регионот на Охридското Езеро. Свесни за неопходноста од справување и минимизирање на предизвиците кои неповолно влијаат на природното и културното наследство на Охридскиот регион, пред се, на прашањата на прекумерната и неконтролирана урбанизација, третманот на отпадот, како и прекумерното искористување и уништување на природните вредности и недоволно знаење за вредностите на овој регион, ги поздравуваме напорите на УНЕСКО и неговите советодавни тела ИКОМОС, ИККРОМ и ИУЦН, кои со своето ангажирање во овој процес ни овозможуваат подобро препознавање и справување со овие предизвици.
Имајќи го предвид значењето и исклучителноста на Регионот на Охридското Езеро, Република Македонија, преку своите институции ќе продолжи несебично да се грижи за неговата добросостојба, одговорност која не е само на надлежните институции туку и на секој поединец. Ова уникатно место создадено од човекот и природата, заслужува да биде заштитено како целина и несомнено вистинскиот момент конечно пристигна. Овој процес е само почеток на она што ќе следува, а тоа е заедничко управување и воспоставување на интегриран систем на управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион, за нас и за идните генерации.

Со почит

Лидија Топузовска

Генералниот секретар на Националната комисија за УНЕСКО на Република Македонија

## КОНКУРС НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ

# #OURLAKEOHRID “НАШЕТО ОХРИДСКО ЕЗЕРО” - 10 ПОБЕДНИЦИ

Охридското Езеро претставува исклучителна убавина. Тоа е најдлабоко и најстаро езеро во Европа, има уникатен екосистем и дом е на многу ендемични видови. Целиот регион располага со богато културно наследство за кое треба да бидат свесни сите што живеат околу езерото. Со цел да се нагласат убавината и вредностите, како и да се подигне свеста и да се вклучи заедницата во споделување спомени, размисли и приказни за езерото, во рамките на проектот “Кон зајакнато управување со заедничкото прекугранично природно и културно наследство во регионот на Охридското Езеро“, финансиран од Европската унија и албанската влада, беше организиран конкурс за фотографија.

Натпреварот за најдобра фотографија и сторија #OurLakeOhrid (Нашето Охридско Езеро) се одвиваше преку Инстаграм и Фејсбук-страницата на проектот. Натпреварот беше отворен од 7 март до 7 април 2016 година. Во текот на натпреварот, учесниците постираа над 450 фотографии. На крајот, беа избрани најдобрите 50 фотографии од страна на Центарот за светско наследство на УНЕСКО и советодавните тела: ICCROM, ИКОМОС и IUCN. Потоа, партнерите од албанската влада, албанските институции и Европската унија, како и други регионални партнери го дадоа својот глас и избраа десет најдобри фотографии врз основа на критериумите за избор на конкурсот. Преку доловените луѓе, светла и бои, места, форми и стории, како никогаш порано можеме да ја видиме уникатноста на природното и културното наследство на Охридското Езеро; наследство што треба да го заштитиме повеќе од било кога за нашето Охридско Езеро да им остане и на идните генерации.

Првите десет победнички фотографии беа постирани од следниве профили: Аднан Бечи, Мојот најубав сувенир - Теодора Красимирова Колева, Бетим Бериша, Ардијан Фезолари, Елена Николовска, Славица Панова, Маријана Пипе Пипилева, Стефанија Видовски, Никола Наумоски и Марко Блажевски.


Ardian Fezollari


Slavica Panova


Marko Blazevski


Betim Berisha


Adnan Beci


Teodora Krasimirova

TOP 10


Elena Nikolovska


Marijana Pipe Pipileva


Stefanija Vidovski


Nikola Naumoski




## Церемонијата на доделување награди

Церемонијата на доделување награди се одржа во Палатата на културата, Подградец, на 10 мај 2016 година за да се објават десетте победници на конкурсот за фотографија на социјалните медиуми #OurLakeOhrid (Нашето Охридско Езеро). Конкурсот на социјалните медиуми привлече широка низа учесници, главно од Албанија, поранешната југословенска Република Македонија и Бугарија, како и странски посетители на Охридското Езеро, кои ги споделија своите спомени, стории и емоции. Тројца од победниците допатуваа на церемонијата во Подградец. Организаторите ја искористија оваа можност да ги споделат новостите и официјално да им честитаат на победниците. Ним им беа доделени сертификати и торби со подароци од проектот. За време на церемонијата, еден од победниците од Подградец, г. Фезолари рече: „Не сум тука да зборувам како фотограф, туку како граѓанин. Ние не се натпреваруваме за награда, туку за можност некако да придонесеме за нашето Охридско Езеро. Тоа му го должиме на езерото.“ Големиот број учесници го потврди интересот и ентузијазмот на граѓаните и посетителите за вредностите и убавините на Охридското Езеро. Друг конкурс ќе се одржи во подоцнежна фаза, а Советот од гласачи ќе ги вклучи и првите десет победници од овој натпревар.



# Оддржани средби

## Трета средба на прекуграничната платформа за заштита на регионот на Охридското Езеро

Третата средба на прекуграничната платформа на проектот “Кон зајакнато управување со заедничкото прекугранично природно и културно наследство во регионот на Охридското Езеро“ се одржа на 7 март 2016 година во градот Подградец, Албанија. Претставници од Министерството за култура и Министерството за животна средина, од Националната агенција за заштитени подрачја, од локалните самоуправи околу езерото, претставници од советодавните тела (ИКОМОС и IUCN), како и од УНЕСКО, разговараа за воспоставување одржлива платформа на соработка. Поконкретно, целта на оваа средба на прекуграничната платформа беше да се презентираат и да се продискутираат можностите во постоечките прекугранични процеси за мониторинг на животната средина и биолошката разновидност, кои придонесуваат кон заштита и управување на регионот на Охридското Езеро. Со тековната локална, билатерална и мултилатерална поддршка на бројни поединечни иницијативи за инфраструктурни зафати, обука, градење капацитети, едукација, подигање на свеста, маркетинг и промоција во регионот на Охридското Езеро, можеби најзначајниот придонес на овој проект е да се помогне во нивното соединување под сеопфатна стратегија и структура на управување.

## Обука за промовирање на природата, културата и светското наследство во регионот на Охридското Езеро



Обуката “Промовирање на природата, културата и светското наследство во регионот на Охридското Езеро“ се одржа во Подградец и Тушемиште, Албанија, на 10 и 11 мај 2016 година. Со обуката на учесниците им беа обезбедени потребните алатки и пристапи достапни за промоција и толкување на ресурсите од заедничка важност за човештвото, истовремено зголемувајќи ја свеста за вредностите на заедничкото наследство меѓу постојната и новата публика на начин со кој се подобрува остварувањето на заедничките цели на управување со местото на природно наследство. Обуката индиректно придонесе за напредок во процесот на планирање на управувањето во поглед на албанскиот предлог за продолжување со управувањето на имотот на Светско наследство „Природно и културно наследство на Охридскиот регион“ (поранешна југословенска Република Македонија) со идеи кои се однесуваат на потребата да се изгради уникатен наратив околу заедничкиот идентитет на овој потенцијално мешан (природа/култура) прекуграничен имот на Светско наследство. Во согласност со Стратегијата на Светско наследство за градење на капацитетите во 2011 година, обуката беше насочена кон постигнување пошироки капацитети кај практичарите вклучени во заштита на наследството, како и кај институциите, организациите, заедниците и мрежите за управување и зачувување на наследството во регионот на Охридското Езеро преку промени ориентирани кон граѓаните. Обуката понуди концепциска заднина, реални студии на случај и групни вежби посветени на целиот регион на Охридското Езеро. Учесниците имаа можност да стекнат добро разбирање за улогата на културното и природното наследство во одржливиот развој, одржливиот туризам, развивањето на публиката, собирањето податоци и стратешкото планирање. Обуката опфати и практични вежби за тоа како да се брендира целиот регион на Охридското Езеро и неговите вредности.

## Обука околу кооперативно и интегрирано управување со заштитени предели и природно наследство

Обуката околу кооперативното и интегрирано управување со заштитените предели и природното наследство, дводневна обука како дел од проектот „Кон зајакнато управување со заедничкото прекугранично природно и културно наследство во регионот на Охридското Езеро“, се одржа на 31 март и 1 април 2016 година на полуостровот Лин, Албанија. На овој краток курс присуствуваа претставници на сите главни чинители за да истражат како да се развие интегриран и кооперативен пристап кон управување со комплексни предели. Фокусот на курсот беше интерактивно учење, со акцент врз



работа во групи, практични вежби, студии на случај и работа на терен. Потенцијалното продолжување на управувањето со имотот на Светско наследство „Природно и културно наследство во Охридскиот регион“ во Албанија и управувањето на Заштитениот предел Подградец, што се преклопува со претходново, бараат заеднички пристап, вклучувајќи голем број субјекти кои имаат интерес во ова подрачје. Потребно е да се создаде хармонична рамнотежа на природата, културата, пределот и развојот. Тоа се задачи за кои треба да бидат подготвени претставниците на структурите на локалната и централната власт во поглед на потенцијалот статус на светско наследство за целиот регион на Охридското Езеро.

## Четврта и петта работилница за планирање на управувањето со регионот на Охридското Езеро

Четвртата работилница за планирање на управувањето се одржа во Тушемиште, Албанија, на 12 и 13 мај 2016 година. Низата работилници за планирање на управувањето се дел од проектот „Кон зајакнато управување со заедничкото прекугранично природно и културно наследство во регионот на Охридското Езеро“, финансиран од Европската унија и Министерството за животна средина на Република Албанија. На работилницата беше презентиран досегашниот напредок во изработката на плански документ за подготовка на досие за продолжување на управувањето со имотот на Светско наследство „Природно и културно наследство на Охридскиот регион“ (поранешна југословенска Република Македонија) за албанскиот дел од Охридското Езеро. Преку широка работа во групи, тематскиот фокус на работилницата беше околу: а) подготовка на Главен план за Општина Подградец, б) полуостровот Лин, в) извориштето на Дрилон, г) локалитетот Мемелиште и неговата околина, и д) еколошката и физичката околина на регионот на Охридското Езеро, како и разработка и дискусија за неколку приоритетни активности на кои надлежните органи треба да дадат краткорочен и среднорочен осврт.



**Петтата и последна работилница за планирање** на управувањето се одржа во Удениште, во регионот на Подградец, Албанија, на 22 и 23 јуни 2016 година. Работилницата се фокусираше врз концептот на управување, барањата на Комитетот на Светско наследство за систем за управување, како и на Комитетот за управување со заштитени подрачја во Албанија. Покрај тоа, на работилницата беа утврдени приоритетните теми, цели и активности во врска со опциите за одржлив развој во регионот на Охридското Езеро во Албанија. Со оваа петта Работилница за планирање на управувањето беше заокружена серијата од пет работилници. Резултатите од групната работа и заклучоците од панел-дискусиите придонесоа кон изработка на планските документи за управување потребни како дел од досието за продолжување со управувањето на имотот на Светско наследство; документот за планирање на управувањето ќе го разработи Техничка работна група наесен оваа година, а ќе биде претставен за консултации со јавноста на крајот од 2016 година. Заложбата и професионалниот придонес од различни органи во Албанија и поранешната југословенска Република Македонија се од клучно значење за успехот на овој процес на планирање на управувањето.

# Интервју со Жулиета Харасани

## Генерален директор на Дирекцијата за стратешко планирање на културното наследство и разновидноста, Министерство за култура на Република Албанија



**Како се одвива проектот „Кон зајакнато управување со заедничкото прекугранично природно и културно наследство во регионот на Охридското Езеро“?**

Прекуграничниот проект за интегрирано управување со Охридското Езеро сега влезе во својата завршна фаза. Иако водечко министерство е Министерството за животна средина, Министерството за култура, преку својот Генерален директорат за наследство и културна разновидност, како и други институции во рамките на Министерството, како што се Заводот за споменици на културата и регионалната Дирекција за култура во Корча, се целосно посветени на изработката на сите препораки што произлегуваат од состаноците одржани во рамките на проектот. Целта е на време да се финализира досие за номинација и проширување на постојниот имот на Светско наследство на УНЕСКО во врска со природното и културното наследство на Охридскиот регион во албанскиот дел од Охридското Езеро.

**Кои се должностите и одговорностите на Министерството за култура во однос на културното наследство во овој проект?**

Следејќи ги препораките на ICCROM, ИКОМОС и IUCN, нашите експерти работат на обезбедување заштита и интегритет на вредностите на културното наследство во регионот за тој да биде вклучен во Листата на Светско наследство на УНЕСКО. Со одлука на министерот за култура, во март 2016 година, Палео-христијанската базилика и мозаикот во селото Лин беа внесени за запишување во Листата. Во меѓувреме, преку Законот за споменици на културното наследство, подрачјето се заштитува со забрана на вршење било какви градежни работи. Покрај тоа, група меѓународни експерти од советодавните тела ИКОМОС и IUCN, како и национални експерти од албанскиот Завод за спомениците на културата, националните и регионалните агенции за заштитени подрачја, албанскиот Институт за археологија и Општина Поградец имаа мисија на терен, на 29 и 30 март 2016 година. Следејќи ги препораките на мисијата, Националниот совет за реставрација дефинира тампон-зона за заштита на културното наследство во подрачјето на Лин. Одлуката е донесена со знаење на Центарот за светско наследство на УНЕСКО и Министерството за животна средина. Во соработка со водечкото министерство, Министерството за култура ја презеде иницијативата да ја ратификува Европската конвенција за предели, во која точно се одредуваат критериумите за заштита и промоција на пределите воопшто, и конкретно на пределите што имаат природни и културни вредности. Веруваме дека оваа Конвенција е уште еден инструмент за управување со наследството на Охридското Езеро.

# Пресвртница во проектот

## Албанскиот Национален совет за реставрација ги одобри границите на потенцијалниот имот на Светско наследство

Националниот совет за реставрација во рамките на албанското Министерство за култура, со одлука од 25 мај 2016 г., го одобри предлогот за обележување на границата на потенцијалното проширување на прекуграничниот имот на Светско наследство и неговата тампон-зона. Врз основа на резултатите од заедничката мисија на терен на ИКОМОС, IUCN, ICM, NAPA, RAPA, Општина Поградец и Институтот за археологија, спроведена во март 2016 година, како придонес во утврдување на границите, Националниот совет за реставрација одлучи да го одобри предлогот за границата на потенцијалниот прекуграничен имот на Светско наследство, во која влегува: брегот на Охридското Езеро, културните обележја на пределот на полуостровот Лин и селото Лин, подрачјата од клучно значење за пејзажниот интегритетот на Охридското Езеро (Дрилон, крајбрежните предели на север од Лин), наколните населби. Ова е голема пресвртница во подготовката на досието за номинација за проширување на имотот на Светско наследство „Природно и културно наследство на Охридскиот регион“ на албанска страна.

**Дали Албанија е подготвена да управува и да го заштити ова наследство во соработка со своите македонски колеги?**

Албанија има искуство од над 20 години во управувањето со исклучително универзалната вредност на имотот на Светско наследство. Министерството за култура во последните две години покажа максимален ангажман и подготвеност да ги исполни и да ги заврши сите обврски за членство во Конвенцијата за светско наследство и ги следи препораките на ИКОМОС. Иако има подобрување во постигнувањето добри резултати, уште многу останува да се направи. Ова е нашиот следен предизвик, заедно со обврската да ја координираме работата меѓу сите наши албански институции на локално и на национално ниво, како и со нашите колеги во поранешната југословенска Република Македонија. Зачувувањето и заштитата на вредностите на културното наследство во наше време, кога притисокот од урбаниот развој е висок, е постојан предизвик за владите на двете страни од езерото, албанските и македонските колеги. Надлежните институции, а не само оние за културно наследство, сега го третираат регионот на Охридското Езеро како заеднички простор кој не само што носи предности, туку и обврски и одговорност за негова заштита.

**Кога досието за номинација на албанскиот дел од Охридското Езеро ќе биде готово за поднесување до Центарот за светско наследство?**

Веруваме дека досието за номинација ќе биде финализирано до јануари 2017 година и официјално поднесено до УНЕСКО во февруари 2017 година. Иако тесно соработуваме со групи експерти од познати меѓународни и национални организации од областа на културното наследство и животната средина, благодарение и на значајната поддршка од ЕУ и УНЕСКО, овој проект е голема иницијатива и заложба на двете држави-потписнички на Конвенцијата на УНЕСКО за светско наследство и не завршува со финализацијата на досието за номинација..

# Прашалник за Охридското Езеро



Во рамките на проектот, беше спроведена пробна анкета во албанскиот дел од регионот на Охридското Езеро за да се стекне разбирање за ставовите на луѓето во врска со регионот. Преку прашалникот, осмислен од ICCROM, советодавно тело на Комитетот на Светско наследство, беа собрани прелиминарни податоци со интервјуирање на луѓето кои живеат и работат во подрачјето, или кои се во посета. Тој беше имплементиран во соработка со „Мандерина промоции“, од страна на албанскиот новинар г. Генчи Анѓелари, за време на интензивна петдневна кампања. Околу 116 лица - 78 локални жители и 38 посетители - беа интервјуирани на различни локации по должината на албанската страна од Охридското Езеро, вклучувајќи го и градот Поградец и селата Лин, Тушемиште, Худениште, Вердове, Старове и Дрилон. Прашалникот започна со прашања за вредностите и атрибутите на регионот на Охридското Езеро денес, со цел да се стекне разбирање за актуелниот однос и поврзаност на јавноста со нејзиното наследство, и индиректно, да се осознае задоволството од моменталната ситуација. Наредните делови од прашалникот се однесуваа на туризмот и искуството на посетителите, за да се добие увид во влијанието на туризмот врз неопипливите вредности и традиционалниот начин на живот во регионот на Охридското Езеро. Првичните резултати покажаа дека локалното население интензивно патува во подрачјето на езерото и ужива во многу места и искуства поврзани со природното наследство. Околу десет проценти од локалните жители имаат некаква корист од дејност и можности за вработување поврзани со туризмот. Се чини дека посетителите на регионот на Охридското Езеро во голема мера се домашни и, заедно со локалните жители, тие посочија низа позитивни искуства во врска со културниот и природниот пејзаж. Резултатите од оваа скромна кампања ја покажуваат важноста на посуштински консултации со јавноста во иднина, со цел да се обезбедат информирани одлуки за управување со наследството во регионот на Охридското Езеро и тоа да се промовира како туристичка дестинација








# Струга, Градот на Поезијата

Струга е град во југозападниот дел на поранешната југословенска Република Македонија. Се наоѓа на брегот на Охридското Езеро, на излезот на реката Дрим од езерото. Струга е тивок град. Куќите се убави и украсени. Една стара добро позната поговорка вели: „Како Струга нема друга“ и ова сè уште важи и денес! Црн Дрим тече полека низ градот, како да не сака да ги вознемирува посетителите што шетаат по неговиот кеј. Постојат и други места кои ја покажуваат убавината и културата, како што се чаршијата, вековно старите цркви и џамии. Струшките вечери на поезијата се највàжниот настан во градот. Се одржуваат на Мостот на поетите во втората половина од август повеќе од 40 години. Настанот привлекува поети, писатели и уметници од целиот свет. Се доделуваат две награди: една за животно дело и една за млади поети.

## Што да се види?

Денешна Струга е доста модерна. Може да се ужива во пријатна прошетка низ градот, по течението на реката и на крајбрежјето. Една многу популарна дестинација е чаршијата - жив пазар обиколен со традиционални куќи, кафулиња и продавници. Во близина се наоѓа крстосница и црквата Свети Ѓорѓи, изградена во



Струшките вечери на поезијата

1835 година врз темелите на постар сакрален објект и одличен пример за периодот на преродба во архитектурата. Иконостасот е уникатен, со долниот дел од камен, а горниот од дрво, и со детална резба. Халвети Теќе, верски објект основан од Хасан Баба (Асан Деде) на почетокот од 18 век, е класичен пример на отоманската архитектура, заштитен од македонскиот Завод за заштита на културните споменици, додека други интересни примери на Отоманската архитектура може да се видат долж улиците „Браќа Миладиновци“ и „Нико Нестор“ во близина на чаршијата. Близу до реката Дрим стои „Девојки одат на вода“, статуа која ја симболизира традицијата на носење вода од чешмата до дома кај младите девојки и невести. Природонаучниот музеј во Струга е дом за над 10.000 примероци на флора и фауна од Охридско-Преспанскиот регион. Истовремено, во музејот во Струга има поставка од 150 народни носии од целата земја, вклучувајќи и неколку комплетни носии, накит и 80 парчиња мебел, алати и други предмети за домаќинство, како и голема збирка на фотографии. Црквата Свети Димитрија е мала црква посветена на Свети Димитрија во западниот дел од градот.

## Што да се прави?

Може да уживате во еднодневно патување од Охрид со брод, комбинирајќи посета на селата по должината на западниот брег на Охридското Езеро, каде што главна карактеристика, освен прекрасните тивки плажи, се пештерските цркви. Струга е рамнински град, раширен околу реката Дрим, и е одлично место за опуштање со шолја кафе. Таа е мала и лесно се минува пеш. 15-минутна прошетка по должината на езерото ќе ве одведе до селото Калишта и пештерскиот манастир. За оние кои бараат повеќе авантура и активности на отворено, пешачење или возење велосипед, не постојат ограничувања во шумата на планината Водно. Пред зајдисонце може да уживате на три различни плажи: Машка плажа, Женска плажа и плажата Галеб кои се наоѓаат на излезот на реката Црн Дрим.

# Жените на Тушемиште



*Совршена комбинација од топло гостопримство и целосна приватност за гостите. Беспрекорно чисто. Во толку тивко безвременско село, ноќе може да се слушне само течењето на изворската вода во каналите низ улиците. Најдобар појадок што сум го јадела во последниве години - едноставен, но навистина одличен локален производ.*
**Џејн Томпсон, ICCROM**

Тушемиште е мало село во близина на Подградец во Албанија. Се наоѓа на брегот на Охридското Езеро, во близина на границата меѓу Албанија и поранешната југословенска Република Македонија. Селото стана познато во Албанија по прикажувањето на филмската комедија Дамата од градот, во кој една од најомилените актерки во Албанија, Виолета Мануши, беше избрана за улогата на Тета Олга. Приказната дава фокус врз односот меѓу селото и една стара госпоѓа од градот, која се преселила во селото за да живее со својата убава ќерка. Во времето на комунистичкиот режим, млади дипломирани студенти биле испраќани во селата на работа, за да стекнат искуство и да придонесат во

*Престојот во семејство го претвори патувањето во реално искуство. Како и гледањето прекрасни места. Запознав луѓе и уживав во нивното топло гостопримство. Многу подобро од студен, анонимен хотел!*
**Сара Корт, ICCROM**

својата професионална сфера. Ќерката, Мели, е медицинска сестра. Тета Олга се однесува со став на супериорност кон селаните, но на крајот самата завршува како готвачка и придонесува во заедницата. Освен што има смешен заплет, филмот прикажува величествени панорами на селото, бројните канали, езерото, изворите на Дрилон и високите планини. Тушемиште има долга традиција на сместување гости во домовите. Семејства од цела Албанија веќе долго време доаѓаат тука за летните одмори, пречекани од гостопримливите луѓе во селото. Луѓето се многу пријателски настроени, смирени и со искрена насмевка. Чистите и пријатни куќи обично ги водат жени, а малите градини се прекрасни. Каналите го испресекуваат селото, а градините се полни со различен органски зеленчук и овошје. Гостите во селото пробуваат многу кулинарски специјалитети. Неколку средби за проектот беа организирани во подрачјето на Тушемиште. Работилница за промоција на природата и културата во регионот на Охридското Езеро се одржа во Тушемиште на 10 и 11 мај 2016 година, а некои од учесниците во работилницата престојуваа во куќи за гости. Домаќините обезбедија крофни, домашен џем, путер и сирење за појадок. Јазичните бариери не претставуваа проблем, бидејќи беа надминати со насмевки и топло гостопримство. Традиционалниот ресторан „Lokali Zonja nga Qyteti“ во центарот на Тушемиште, исто така, е во сопственост на жена и е вистински хит кај локалното население и посетителите. Тука може да се ужива во лакрор, традиционална пита што се прави со слоеви од тесто, зачини и зеленчук, заедно со ќофтиња и туршија како прилог. Локалните пијалаци вклучуваат вино и ракија, со посебен специјалитет зелена ракија обоена со јаболкови лисја што даваат уникатен вкус. Три жени, заедно со сопственичката ги засукаа ракавите за да направат лакрор за вечерата на учесниците во работилницата. Лакророт многу им се допадна на локалните жители и на странците. Гостите веднаш се почувствуваа како дома во ова мало село, благодарение на топлината и гостопримството на овие жени од Тушемиште.






# Ден на Охридското Езеро



**21** ви јуни е Ден на Охридското Езеро. Оваа одлука е донесена пред 16 години, во февруари 2000 година, од страна на Заедничкиот управен одбор за Охридското Езеро. Ова е ден кога сите заедници што живеат на брегот на Охридското Езеро се потсетуваат на неговите уникатни вредности. Локалните заедници треба да ги учат своите деца да го сакаат и да го штитат ова природно богатство. По тој повод, секоја година, три општини околу Охридското Езеро (Охрид, Подградец и Струга) се ротираат при организацијата на многу празнични активности. Оваа година денот беше прославен во градот Охрид, каде беа организирани неколку спортски и културни активности од страна на Општина Охрид. На тој ден беше отворена изложба на детски слики инспирирани од Охридското Езеро. На крајот на активноста, градоначалникот на Охрид, г. Никола Бакрачески, и градоначалникот на Подградец, г. Едуарт Капри, симболично потпишаа документ во кој се изразува заложбата на нивните општини за спасување и заштита на единствениот





во светот екосистем на Охридското Езеро. Тие го ставија „документот“ во шише што беше пуштено во езерото во кану. Денот на Охридското Езеро ги спои трите општини од главните градови околу езерото, овозможувајќи им да ги здружат силите и да ги обединат своите политики и акции во насока на обезбедување целосна и долгорочна заштита. На симболичниот ден, се ангажира и заедницата која помага да се подигне свеста за заштитата на Охридското Езеро.

# Филмски фестивал за животна средина во Албанија








“Приказната на Вјоса“, филм за заштита на дивата река на Албанија, беше избран за најдобар филм во категоријата “Меѓународен долгометражен филм“

Албанија беше домаќин на четвртиот по ред филмски фестивал за животна средина. Фестивалот се одржа од 22 мај до 5 јуни 2016 г. низ осум локации: во Скадар, Тирана, Валона, Скрапари, Пермет, Ерсеке, Ѓирокастро и Валбона. Екологијата, културата, економијата, миграциите, војните и општествените прашања, меѓу многу други, ја дадоа суштината на овој фестивал, насочен кон споделување и размена на заеднички и идни интереси. Повеќе од 70 филмови од над 40 земји беа прикажани на ЕФФА. Пет од нив прикажуваа приказни за езерата во светот и важноста на заштитата на нивните екосистеми и живиот свет, како филмот за “Осаменото езеро“ (Иран); Скадарското Езеро (Црна Гора и Албанија), езерото Маџоре (на јужната страна на Алпите, меѓу Италија и Швајцарија), езерото Маракаибо (Венецуела) и езерото Кавацо (Италија). Целта на фестивалот е да се прикажат најдобрите еколошки филмови и документарци, меѓународни и албански, со цел да се вклучи поголем дел од албанското општество, од различна возраст, потекло и место. “Приказната на Вјоса“, филм за заштита на дивата река на Албанија, беше избран за најдобар филм во категоријата “Меѓународен долгометражен филм“. Филмот испраќа јасна и силна порака за тоа зошто треба да се бориме за една од последните преостанати диви реки во Европа. Овој фестивал беше во организација на албанското Министерство за животна средина и Делегацијата на Европската унија во Албанија, во соработка со амбасадите и невладините партнери во земјата. Филмскиот фестивал за животна средина, Албанија, ја чува и ја брани идејата дека правото на животна средина е право на секого, заедничка добро што има голема важност и значење во нашиот секојдневен живот и за планетата на која живееме.







# Партнери

**УНЕСКО – Центар за Светско наследство - Координатор на Проектот**

**Европска Унија – Главен финансиски донатор**

**Министерството за животна средина на Република Албанија**

**Министерството за култура на Република Албанија**

**Министерството за култура на ПЈР Македонија**

**Министерството за животна средина и просторно планирање на ПЈРМакедонија**

**ИККРОМ (Меѓународен центар за проучување на заштитата и реставрацијата на културното наследство)**

**ИКОМОС (Меѓународен совет за споменици и локалитети)**

**ИУЦН (Меѓународна унија за зачувување на природата)**

# Календар

## Што е следно?

**12 јули - 20 август 2016 г.** 56-то издание на Охридско лето;

**1 - 6 август 2016 г.** Балкански филмски фестивал за храна вклучувајќи ја и програмата Миш-маш за млади филмски работници од Југоисточна Европа;

**4 - 13 октомври 2016 г.** Обука за промовирање на пристапот ориентиран кон граѓаните: Ангажирање на заедниците во заштитата на природата и културата (регион на Тирана и Охридското Езеро во Албанија и поранешната југословенска Република Македонија);

**ноември 2016 г.** Зачувување и управување со екосистемот во регионот на Охридското Езеро - обука;

**декември 2016 г.** Одржлив развој на претпријатијата - обука

**Заштита на Охридското Езеро**

*Овој билтен е објавен во рамките на Проектот ,"Кон зајакнато управување со прекуграничното природно и културно наследство на регионот Охридското Езеро"*

Јазици: англиски, албански, македонски.

Во наредниот број: Туризмот на Охридското Езеро, кампања заодговорно управување со отпадокот....

Web: http://whc.unesco.org/en/lake-ohrid-region
Twitter: https://twitter.com/lake_ohrid
Facebook: https://www.facebook.com/LakeOhridHeritage/
Blog: http://lakeohrid.blogspot.al/

За коментари/сугестии: a.fiebig@unesco.org
Copyright: UNESCO